Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

**М А Ш И Н С К И  Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## МОНИТОРИНГ TEMPUS

На 18.02.2011 на Машинскиот факултет во Скопје, беше одржан екстерен мониторинг на два од проектите кои се имплементираат на факултетот, а се финансирани од Европската Комисија преку ТЕМПУС програмата:

Проектот **„Креирање на капацитети за истражување и развој за зајакнување на соработката помеѓу високото образование и стопанството”** има за цел анализа на моменталните истражувачки потреби на земјите од Западен Балкан и креирање капацитети за нивно унапредување. Најзначајните универзитети во вклучените земји добиваат целосна поддршка со цел поставување капацитети и инструменти за истражување и развој кои нудат долгорочни придобивки. Целта е да се оспособат универзитетите да преземат централна улога во националниот истражувачко - развоен систем, зајакнувајќи ја улогата на високото образование како целина и нејзината улога како движечка сила во регионалниот економски развој.

Проектот **“Компетенции – поврзување на компетенциите помеѓу високото образование и стопанството: од каталог на компетенции до стратегија и развој на наставни програми”** е фокусиран кон недостатокот на соработка помеѓу високото образование и деловното окружување, како еден од најзначајните проблеми во четирите земји од Западен Балкан: Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора. Претставниците на бизнисот и науката низ целиот свет се согласија дека знаењето е еден од најзначајните ресурси за општествен и економски развој. Во таа насока, универзитетите го заземаат централното место во конкурентноста на секоја држава.

Мониторингот беше одржан од страна на три претставници на Националната ТЕМПУС канцеларија, на кои им беше презентирано досега сработеното, како и насоките во кои Машинскиот факултет во Скопје планира да ги имплементира резултатите од двата проекти.

## ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Тимот за промоција на Машинскиот факултет во Скопје пред учениците во средните училишта низ земјава во изминатиот период реализираше промоција во 10 средни училишта во 8 градови ширум Македонија.
Во сите училишта беа остварени средби и со претставници на училиштата (директор, секретар и/или класни раководители) кои беа информирани околу поволностите кои ги нуди факултетот за нивните ученици. За време на посетата беа организирани и кратки презентации пред заинтересираните ученици за можностите за студирање на факултетот, насоките, како и вон училишните активности.

## ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Д-р Даме Димитровски е избран во звање доцент во научна област термотехника и термоенергетика. Да му посакаме долгогодишна успешна и плодна работа во својата област.

**ЧЕСТИТАМЕ!**

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец февруари 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Ристо Филкоски учествуваше во работата на регионалната работилница за јавно-приватно партнерство за когенеративни енергетски постројки во Р.Хрватска од 23-25 февруари 2011 година
2. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска и вон. проф. д-р Атанас Кочов учествуваа на работниот состанок предвиден со планот за реализација на билатералниот проект со Р.Словенија, во Љубљана од 11-13 февруари 2011 год.
3. Проф. д-р Зоран Пандилов оствари службено патување во Австрија заради презентација на резултатите од научниот проект и воспоставување на научно - едукативна соработка со колегите од Техничкиот факултет во Грац.
4. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска оствари службено патување во Р.Грција на 3 февруари 2011 година каде што имаше работна следба со колегите од Факултетот за инженерство на Аристотел Универзитетот во Солун поврзана со активностите планирани со Темпус MAS-MPL проектот.

**КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК**

**29.03.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**31.03.2011**
**29 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, февруари, број 98**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Започна наставата од зимскиот семестар. Вкупно 1390 студенти го запишаа зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во интензивна фаза. Водичите за студирање за летниот семестар се поставени на факултетската web страна. Со цел подобрување и осовременување на наставниот процес, за време на зимската пауза се поставија проектори во уште 10 училници. Со тоа, вкупната бројка на училници покриени со проектори се искачи на 21 училница.